**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

Бр- No-Nr. 20-781/7
21.08. 2019 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Шуто Оризари, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Швајцарската агенција за развој и за соработка, на ден 21.08.2019 година се објавува:

**Ј А В Е Н   П О В И К**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа за проект**
**"Подобрување на работните вештини на економско ранливите семејства од општина Шуто Оризари"**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект **"Подобрување на работните вештини на економско ранливите семејства од општина Шуто Оризари"** за работно ангажирање од **20 (дваесет)** часа неделно за период од **6 (шест) месеци** заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување на Град Скопје.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани за 20 (дваесет) работни часови неделно. За периодот додека лицата се работно ангажирани преку програмата „Општинско-корисна работа" истите не го губат статусот на невработено лице и истите се должни редовно да се јавуваат во Агенција за вработување- Центар за вработување на Град Скопје со цел почитување на обврските согласно Закон. На невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

На кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа ќе им биде исплатен паричен надоместок за работно ангажирање во висина од **9.000,00 денари месечно (БРУТО)**, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- Роми корисници на Гарантирана Минимална Помош
- Лица со попреченост

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- Негователка во ЈОУДГ „8-ми Април" ( шест позиции )
- Еко-негователка во ЈОУДГ „8-ми Април" ( две позиции )
- Грижа за стари лица ( четири позиции )

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување - Центар за вработување на Град Скопје во периодот од **21.08.2019** година до **30.08.2019** година, од **08:00** до **14:00** часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Шуто Оризри и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Шуто Оризари кај лицето Ерхан Фејзов, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување на Град Скопје кај лицето Шериф Сума, Центар за социјлна работа подрачно одделение Шуто Оризари кај лицето Јасмина Зекир.